Гласен Текстилец - Штип
Ул Сутјеска 59
glasentekstilec@gmail.com
www.glasentekstilec.wordpress.com

# И З В Е Ш Т А Ј

## За спроведениот Анектен прашалник за формите на модерно ропство во текстилната, кожарската и чевларската индустрија.

Во склоп на проектот „Создади мрежа на знаење - препознај и пријави прекршување права“ кој се спроведува од страна на Гласен Текстилец, од 01.01.2019 до 30.06.2019година беше спроведен анкетен прашаланик со наслов „Анкетен прашалник за формите на модерно ропство во текстилната, кожарската и чевларската индустрија“ во периодот од 01.02.2019 до 28.04.2019год. Анкетниот прашаланик се состои од вкупно 26 прашања заедно со демографските податоци, ако се одземат прашањата за пол, регион, возраст и првото прашање од анкетниот прашалник кој беше објавен онлајн (Дали сте вработени во текстилната, кожарската, чевларската индустрија или гранка блиску до горенаведените?) тогаш остануваа 22 прашања кои се однесуваат на запознаеноста со своите права, на договорите за вработување, вкупниот број на работни часови, прекувремената работа и дали истата се испаќа на крајот од месецот, на годишниот одмор, кредитната состојба, мобингот на работно место, дискриминација, пријавуањето на прекршување права и така натаму. Анкетниот прашалник го одговорија вкупно 870 испитаници, од кои 416 одговори се добиени онлајн, додека 454 преку телефонски јавувања и домашни посети во Источниот регион. Од 870 испитаници 708 се жени, а останатите 162 мажи, 32 (18жени и 14мажи) испитаници се на возраст од 18 до 25 години, 175 (134жени и 41мажи) се на возраст од 26 до 35 години, 281 испитаници (209жени и 72мажи) се на возраст од 36 до 45години, 232 испитаници (207жени и 25мажи) се на возраст од 46 до 55години, 148 (138жени и 10мажи) испитаници се на возраст на 56 до 62 години и 2 (жени) испитаници над 63 години, што јасно ни става до знање дека заинтересираноста за работа во текстилната индустрија кај помладите генерации е мала, односно помалку од 4% се на возраст од 18 до 25 години, односно 24% се на возраст од 18 до 35години. Најголем процент од испитаниците односно 90% или 783 (645жени и 138мажи) испитаници се од Источниот регион, 1,03 % или 9 (8жени и 1маж) испитаници се од Вардарскиот регион, 1,49% или 13 (9жени и 4мажи) испитаници се од Југоисточниот регин, 0,8 % или 7(5жени и 2мажи) испитаници се од Југозападниот регион, 1,6% или 14 (8жени и 6мажи) испитаници од Пелагонискиот регион, 2,52% или 22 (16жени и 6мажи) испитаници од Североисточниот регион, 1,95 % или 17(13жени и 4мажи) испитаници од Скопскиот регон, од Полошкиот регион нема ниту еден испитаник, додека 5 испитаници (4жени и 1маж) или 0,57% не оставиле таква

информација. Првото прашање _1. Дали сте запознаени со своите работнички права?_ го одговориле сите испитаници, од кои 302 испитаници (253жени и 49мажи) или 34.7% одговориле дека се запознаени со своите работнички права, 70 испитаници (46жени и 24мажи) или 8% се изјасниле дека не си ги познаваат своите права, додека 498 испитаници (409жени и 89мажи) или 57.2% делумно си ги знаат правата. Според овие одговори може да заклучиме дека мал дел од текстилните, кожарските и чевларските работници не се запознаени барем делумно со своите права, и целта на Гласен Текстилец е оваа процент да дојде до нула. Второто прашање _2. Колку време сте вработени во текстилната идустрија?_ го одговориле 862(701жени и 161мажи) испитаници, додека 8 (7жени и 1маж) испитаници не дале одговор на оваа прашање. 34 испитаници (28жени и 6мажи) или 3.9% се вработени помалку од 1 година, 55 испитаници (44жени и 11мажи) или 6.4% работат од 1 до 2 години, 175 испитаници (138жени и 37мажи) или 20,3% работат од 2 до 5 години во текстилната индустрија и 598 (491жени и 107мажи) испитаници или 69.4% работат повеќе од 5 години. Од испитаниците кои се наоѓаат помеѓу 18 и 25 години ниту еден не одговорил дека работи повеќе од 5 години, односно веднаш по добивањето на право на воспоставување на работен однос ниту еден не се вработил во текстилната индустрија. На третото прашање _3.Со каков договор за вработување сте вработени?_ одговориле 864 (703жени и 161мажи), од кои 15(жени) или 1.7% не знаат со каков договор се вработени, 346испитаници (275жени и71мажи) односно 40% се вработени на определено време, а 503испитаници (413жени и 90мажи) или 58.2% се вработени на неопределно. Во текот на анкетата, 29 испитаници одговориле дека во тековната текстилна компанија работат повеќе од 5 години и се вработени на договор на определено, што се коси со Законот за работни односи кој предвидува после 5 години работење во една фирма работникот го следува договор на неопределно време. (Забелешка 1)Во анкетните прашалници одговорени по телфонски јавувања и домашни посети имаме 142 случаи каде што работниците се вработени повеќе од 2 години во тековната компанија со договор на определено време, додека имаме само 4 случаи каде што работниците се вработни во тековната компанија повеќе од 2, а помалку од 5 години со договор на неопределн и 5 случаи каде вработени помалку од 2 години во тековната компанија се вработни со договор на неопределно време.Четвртото прашање _4.Колку изнесува вкупнипот број на работни часови во вашата работна недела?_ го одговориле 868 испитаници (706жени и 162мажи), само 2жени не одговориле на ова прашање, од кои 515 (431жени и 84мажи) или 59.3% работат по 50 часа неделно, 229испитаници (184жени и 45мажи) или 26.4% работат по 40 часа неделно, 5 испитаници (4жени и 1маж) или 0.6% работат по 36 часа неделно, а 119 испитаници (87жени и 32мажи)

или 13.7% одговориле дека работат друга саатнина кои во телефонските јавувања и домашните посети изјавиле дека таа саатнина изнесува 48 или 46часа. На петото прашање _5.Дали често од вас се бара да работите прекувремено, за време на празници и викенд?_ (Забелешка2) одговориле сите испитаници, 335 (272жени и 63мажи) или 38.5% одговориле дека постојано се бара од нив да работат прекувремено, 99 (86жени и 13мажи) односно 11.4% одговориле дека скоро никогаш не се бара од нив да работат прекувремено, додека 436 (350жени и 86мажи) или 50.1% одговориле дека понекогаш работат прекувремено. Шестото прашање кое гласи _6.Дали прекувремената работа ви се исплаќа дополнително, согласно Законот на РМ?_ (погледни Забелешка3, Забелешка4, Забелешка5) не е одговорено од 27(25жени и 2маж) испитаници жени, од 843 испитаници (683жени и 160мажи) 155 (113жени и 42мажи) или 18.4% одговориле дека прекувремената работа им е платена, 597 (494жени и 103мажи) или 70.8% изјавиле дека не им се исплаќа прекувремената работа, а 91 (76жени и 15мажи) или 10.8% изјавиле дека не работат прекувремно. На седмото прашање _7.Колку поврзани последовалтени денови користите како годишен одмор во една работна година?_ 235 испитаници одговориле само дека добиваат годишен одмор без да го наведат неговото времетраење, додека 22 испитаници одговориле дека воопшто не добиле годишен одмор. Од останатите 597 испитаници (452жени и 145мажи) 125 (106жени и 19мажи) или 21%одговориле дека поврзаните денови за годишен одмор изнесуваат од 3 до 5 дена, 134 (84жени и 50мажи) односно 22% одговориле дека поврзаните денови годишен одмор им се од 5 до 8 денови, 226 (175жени и 51мажи) или 38% одговориле дека бројот на поврзани денови за годишниот одмор им изнесува од 9 до 12 дена, додека 112испитаници(87жени и 25мажи) или 19% одговориле дека поврзаните денови за годишниот одмор им изнесуваат повеќе од 12дена. Прашањето _8.Дали на крајот на годината вашиот работодавач ви исплаќа К-15 и во која сума?_ го одговориле 864 испитаници, 39 (33жени и 6мажи) или 4.6% одговориле дека земаат К-15 помеѓу 100 и 1 000денари, 248 (210жени и 38 мажи) или 29.2% од испитаниците добиваат К-15 помеѓу 1 001 и 5 000 денари, 316 испитаници (268жени и 48мажи) или 37.2% добиваат регрес помеѓу 5 001 до 9 000 денари, а 164 (117жени и 47мажи) или 19.3% добиваат регрес од над 9 000 денари, 82 испитаници (60жени и 22мажи) или 9.7% одговориле дека не добиваат регрес, а 15испитаници (14жени и 1маж) односно 2% одговориле само дека добиваат регрес без да наведат во која сума. Деветото прашање _9.Колку изнесува вашата месечна плата?_ го одговориле 867испитаници (706жени и 161мажи), 88 (83жени и 5мажи) односно 10.1% одговориле дека земаат помала плата од 12 000, 192 испитаници (157мажи и 35жени) или

22.1% одговориле дека добиваат плата помеѓу 12 001 и 12 500 денари, 433 испитаници (371жени и 62мажи) или 49.9% одговориле дека платата им изнесува помеѓу 12 501 и 16 000 денари, додека 154 (95жени и 59мажи) или 17.8% добиваат плата поголема од 16 000 денари. Десетото прашање _10.Дали редовно ви се исплаќа вашата плата?_ го одговориле 865 испитаници, од кои 824(677жени и 147мажи) или 95.3% одговориле потврдно, додека 41(27жени и 14мажи) или 4.7% одговориле дека не добиваат плата редовно. 865 испитаници (704жени и 161мажи) го одговориле следното прашање _11.Дали успевате со платата која ја заработувате да го поминете тековниот месец?_ од кои 58 (39жени и 19мажи) или 6.7% одговориле потврдно, а 807 испитаници (665жени и 142мажи) односно 93.7% одговориле негативно. Прашањето _12.Дали од страна на работодавачот некогаш било побарано од вас да подигнете кредит?_ го одговориле 866 испитаници (705жени и 161мажи), 133 (117жени и 16мажи) или 15.4% одговориле потврдно, 733 испитаници (588жени и 145мажи) или 84.6% одговориле негативно. Прашањето _13. Дали имате подигнато кредит во моментов?_ го одговориле 868 испитаници, од кои 488 (375жени и 113мажи) или 56.2% одговориле дека имаат подигнато кредит во моментот кога се одвивала анкетата, додека 380 (333жени и 47мажи) или 43.8% одговориле дека немаат подигнато кредит во периодот кога се одвивала анкетата. Може да кажеме дека според резулатите мажите процентуално повеќе се склони кон подигнување на кредит. _14.Доколку имате подигнато банкарски кредит колку сте во можност редовно да ги исплаќате вашите месечни рати?_ одговориле 488луѓе, од кои 166 (124жени и 42мажи) или 34% изјавиле дека редовно ги плаќаат ратите, 257 (198жени и 59мажи) или 52.7% изјавиле дека успеваат со потешкотии, додека 65 (53жени и12мажи) или 13.3% се изјасниле дека доцнат со плаќањето и им течат камати. Двајца испитаници кои изјавиле дека имаат подигнато кредит не се изјасниле по оваа прашање.Прашањето _15.Дали платата која ја добивате придонела до неможноста за исплаќање на парични обврски, рати за одредени добра кои сте ги купиле?_ го одговориле 853испитаници (695жени и 158мажи) од кои 605(501жени и104мажи) или 70.9% одговориле со „Апсолутно да", додека 248(194жени и 54мажи) или 29.1% одговориле со „Не се соочувам со такви проблеми". 866 испитаници одговориле на прашањето _16.Дали имате обврски кон извршители?_ од кои 305 (269жени и 36мажи) или 35.2% одговориле потврдно, додека 561(436жени и 125мажи) или 64.8% одговориле негативно. Седумнаесетото прашање _17.Дали некогаш на вашето работно место сте се соочиле со дискриминација?_ го одговориле 867 испитаници од кои 221 (162жени и 59мажи) или 25.5% одговориле потврдно, а 646 (545жени и 101мажи) или 74.5% одговориле дека не се соочуваат со дискриминација.На

деветнаесетото прашање *19.Дали чувствувате неоправдан притисок на работа од страна на вашите претпоставени?* одговориле 866испитаници, 574 (474жени и 100мажи) или 66.3% одговориле потврдно, додека негативен одговор дале 290 испитаници (229жени и 61мажи) односно 33.5%, само двајца испитаници одговориле дека понекогаш чувстуваат неоправдан притисок од страна на претпоставените. Дваесетото прашање *20. Дали некогаш сте биле жртва на мобинг?* го одговориле 864испитаници, од нив 372 (307мажи и 65мажи) или 43.1%изјавиле дека биле жртва на мобинг, а 492 (398жени и 94мажи) или 56.9% одговориле со Не. Наредното прашање *21.Дали знаете дека постојат организации кои ги заштитуваат правата на работниците и даваат правна помош при нивно прекршување?* го одговориле 867 испитаници, 725 (613жени и 112мажи) или 83.6% одговориле потврдно, а негативен одговор дале 142 (92жени и 50мажи) или 16.4% од испитаниците. Последното прашање *22.Дали кога некогаш некое од вашите права би било повредено би се обратиле до трудовиот инспекторар или некоја од организациите за права на работници?* го одговориле 866 испитаници, од кои 566 (466жени и 100мажи) или 65.4% одговориле дека би се обратиле или до организациите или трудовиот инспекторат доколку некое право им е прекршено, а 300испитаници (239жени и 61мажи) или 34.6% се изјасниле дека не би пријавале доколку наидат на прекршување на нивните права. Од добиените одговори преку телефонски јавувања и домашни посети најчеста причина поради која испитаниците не се обраќаат до трудовиот инспекторат е недовербата и стравот дека резултатот од пријавување на прекршување на нивните права може да биде на нивна штета.

---

Забелешки

*Забелешка1*

При извршување на анкетниот прашалник со телефонски јавувања и домашни посети се добиение 29 одговори каде работниците во тековната компанија се вработени 5 или повеќе од 5години со договор на определено време, односно 142 одговори каде работниците вработени во тековната компанија се вработени повеќе од 2 години со договор на определено време. Наспроти овие бројки имаме само 4 случаи каде што работниците се вработни во тековната компанија повеќе од 2, а помалку од 5 години со договор на неопределено и 5 случаи каде вработени помалку од 2 години во тековната компанија се вработни со договор на неопределно време. Во анкетните прашалници спроведени онлајн постојат дополнителни 6случаеви каде што вработени во текстилната индустрија помалку од 2 години се вработени со договор на неопределно време.

*Забелешка2*

Од вкупниот број на анкетни прашалници се добиени 96(88жени и 8мажи) одговори на испитаници кои изјавиле дека работните часови во нивната работна недела изнесуваат 50часа (прашање 4), но од нив скоро никогаш не се бара да работат прекувремено (прашање 5), односно 96 испитаници 50часовна недела ја сметаат за редовна саатнина. Односно вкупниот број на испитаници кои постојано работат прекувремено е 335 (272жени и 63мажи), а бројот на испитаници кои не работат прекувремено е 99(86жени и 13мажи).

*Забелешка3*

Од испитаниците 46 одговориле (прашање5) дека скоро никогаш не работат прекувремено и дека (прашање6) прекувремена работата им се исплаќа според ЗРО, односно (прашање6) 155 испитаници им се исплаќа прекувремената работа.

*Забелешка4*

Од испитаниците имаме 13 одговорени прашалници на прашањето под реден број5 односно дека скоро никогаш не работата прекувремено и дека прекувремената работа не им се исплаќа согласно ЗРО(прашање6), поточно вкупно 597не им се испаќа прекувремената работа.

*Забелешка5*

16испитаници одговориле дека (прашање5) постојано или понекогаш работат прекувремено, но на следното прашање (прашање6) одговориле дека не работат прекувремено, со што овие одговори се сметаат за контрадикторни и не се пресметани, поточно земајќи ги предвид Забелешка3 и Забелешка4 вкупно 91 испитаник не работат прекувремено, додека 27прашалници немаат одговор или одговорот им е контрадикторен за оваа прашање.

*Забелешка6*

Одговорите на испитаниците кои одговориле дека немаат подгинато било каков кредит во моментот кога се одвивала анкетата (прашање13), но на наредното прашање (прашање14) одговориле дека редовно, со потешкотии или им течат камати, се сметаат за контрадикторни и не се земаат во предвив.

*Забелешка7*

256 испитаници во анкетата одговориле дека доколку некое од нивните права би било повредено би се обратиле до трудов инспекторат или некоја од организациите за права на работниците (прашање22), но истите изјавиле дека нивната прекувремена работа не им се плаќа според ЗРО, што значи дека овие испитаници молчат за прекршувањето на нивните права.

*Забелешка 8*

271 од испитаниците кои во анкетата одговориле дека доколку некое од нивните права би било повредено би се обратиле до трудов инспекторат или некоја од организациите за права на работниците (прашање22), но истите изјавиле дека поврзаните денови на годишен одмор кои ги користат изнесуваат помеѓу 3 и 8 дена,што значи дека овие испитаници сепак молчат за прекршувањето на нивните права.

Табели со одговори според возраст и полот на испитаниците.

| 1.Дали сте запознаени со вашите работнички права. | ДА | | НЕ | | Делумно | | Неодговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 10 | 5 | 1 | 1 | 7 | 8 | | |
| 26-35години | 48 | 10 | 9 | 9 | 77 | 22 | | |
| 36-45година | 94 | 23 | 14 | 11 | 101 | 38 | | |
| 46-55години | 82 | 9 | 13 | 3 | 112 | 13 | | |
| 56-62година | 18 | 2 | 9 | | 111 | 8 | | |
| 62+ | 1 | | | | 1 | | | |
| | 253 | 49 | 46 | 24 | 409 | 89 | | |
| Вкупно | 302 | | 70 | | 498 | | | |

| 2. Колку време сте вработени во текстиланата индустрија? | <1 | | 1-2 | | 2-5 | | >5 | | Неодговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 11 | | 5 | 3 | 2 | 10 | | | | 1 |
| 26-35години | 8 | 3 | 13 | 3 | 24 | 7 | 89 | 28 | | |
| 36-45година | 3 | 2 | 10 | 3 | 46 | 12 | 148 | 55 | 2 | |
| 46-55години | 5 | 1 | 7 | | 29 | 3 | 162 | 21 | 4 | |
| 56-62година | 1 | | 9 | 2 | 37 | 5 | 90 | 3 | 1 | |
| 62+ | | | | | | | 2 | | | |
| | 28 | 6 | 44 | 11 | 138 | 37 | 491 | 107 | 7 | 1 |
| Вкупно | 34 | | 55 | | 175 | | 598 | | 8 | |

Гласен Текстилец - Штип
Ул Сутјеска 59
glasentekstilec@gmail.com
www.glasentekstilec.wordpress.com

| 3.Со каков договор за вработување сте вработени? | Договор на опеделено време | | Договор на неопределено време | | Не се запознаени | | Недговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 12 | 9 | 6 | 5 | | | | |
| 26-35години | 61 | 18 | 71 | 23 | 1 | | 1 | |
| 36-45година | 84 | 27 | 122 | 45 | 3 | | | |
| 46-55години | 63 | 10 | 135 | 14 | 6 | | 3 | 1 |
| 56-62година | 55 | 7 | 77 | 3 | 5 | | 1 | |
| 62+ | | | 2 | | | | | |
| | 275 | 71 | 413 | 90 | 15 | 0 | 5 | 1 |
| Вкупно | | 346 | | 503 | | 15 | | 6 |

| 4 Колку изнесува вкупниот број на работни часови во вашата работна недела? | 50 | | 40 | | 36 | | Друго | | Неодговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 8 | 5 | 7 | 7 | 2 | | 1 | 2 | | |
| 26-35години | 54 | 20 | 54 | 13 | 1 | 1 | 24 | 7 | 1 | |
| 36-45година | 104 | 35 | 75 | 22 | 1 | | 28 | 15 | 1 | |
| 46-55години | 144 | 16 | 38 | 3 | | | 25 | 6 | | |
| 56-62година | 119 | 8 | 10 | | | | 9 | 2 | | |
| 62+ | 2 | | | | | | | | | |
| | 431 | 84 | 184 | 45 | 4 | 1 | 87 | 32 | 2 | 0 |
| Вкупно | | 515 | | 229 | | 5 | | 119 | | 2 |

| 5.Дали често од вас се бара да работите прекувремено, за време на празниците и викенд? | Да, постојано | | Не, скоро никогаш. | | Понекогаш | | Недговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 5 | 5 | 3 | | 10 | 9 | | |
| 26-35години | 58 | 20 | 22 | 1 | 54 | 20 | | |
| 36-45година | 81 | 26 | 40 | 9 | 88 | 37 | | |
| 46-55години | 83 | 9 | 18 | 1 | 106 | 15 | | |
| 56-62година | 44 | 3 | 3 | 2 | 91 | 5 | | |
| 62+ | 1 | | | | 1 | | | |
| | 272 | 63 | 86 | 13 | 350 | 86 | | |
| Вкупно | | 335 | | 99 | | 436 | | |

| 6. Дали прекувремената работа ви се исплаќа дополнително, согласно Законот на РМ? | Да | | Не | | Не работам прекувремено | | Неодговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 7 | 6 | 8 | 7 | 3 | 1 | | |
| 26-35години | 24 | 12 | 77 | 28 | 22 | 1 | 11 | |
| 36-45година | 44 | 18 | 127 | 42 | 31 | 10 | 7 | 2 |
| 46-55години | 26 | 5 | 160 | 19 | 16 | 1 | 5 | |
| 56-62година | 12 | 1 | 120 | 7 | 4 | 2 | 2 | |
| 62+ | | | 2 | | | | | |
| | 113 | 42 | 494 | 103 | 76 | 15 | 25 | 2 |
| Вкупно | | 155 | | 597 | | 91 | | |

| 7. Дали поврзани денови на годишен одмор користите годишно? | 3-5 | | 5-8 | | 8-12 | | 12+ | | Недговорени | | Да | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 4 | 1 | 2 | 6 | 6 | 4 | 5 | 3 | 1 | | | | | |
| 26-35години | 17 | 4 | 23 | 12 | 41 | 15 | 28 | 10 | 7 | | 15 | | 3 | |
| 36-45година | 20 | 10 | 27 | 26 | 61 | 22 | 31 | 9 | 3 | | 63 | 4 | 4 | 1 |
| 46-55години | 36 | 3 | 27 | 6 | 47 | 8 | 13 | 1 | 2 | | 72 | 6 | 10 | 1 |
| 56-62година | 29 | 1 | 5 | | 20 | 2 | 10 | 2 | 1 | | 70 | 5 | 3 | |
| 62+ | | | | | | | | | 2 | | | | | |
| | 106 | 19 | 84 | 50 | 175 | 51 | 87 | 25 | 16 | 0 | 220 | 15 | 20 | 2 |
| Вкупно | | 125 | | 134 | | 226 | | 112 | | 16 | | 235 | | 22 |

| 8. Дали на крајот на годината вашиот работодавач ви исплаќа К-15 и во која сума | 100-1000 | | 1001-5000 | | 5001-9000 | | 9000+ | | Не | | Неодговорени | | Да | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 1 | | 2 | 4 | 3 | 3 | 8 | 6 | 2 | 1 | 2 | | | |
| 26-35години | 9 | | 35 | 10 | 43 | 14 | 26 | 13 | 15 | 4 | 1 | | 5 | |
| 36-45година | 14 | 3 | 51 | 15 | 65 | 19 | 53 | 22 | 21 | 12 | | | 5 | 1 |
| 46-55години | 8 | 2 | 69 | 5 | 86 | 10 | 26 | 3 | 16 | 5 | 1 | | 1 | |
| 56-62година | 1 | 1 | 52 | 4 | 70 | 2 | 4 | 3 | 6 | | 2 | | 3 | |
| 62+ | | | 1 | | 1 | | | | | | | | | |
| | 33 | 6 | 210 | 38 | 268 | 48 | 117 | 47 | 60 | 22 | 6 | 0 | 14 | 1 |
| Вкупно | | 39 | | 248 | | 316 | | 164 | | 82 | | 6 | | 15 |

| 9. Колку изнесува вашата месечна плата | <12 000 | | 12 001 - 12 500 | | 12 501 - 16 000 | | 16 000 + | | Неодговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 1 | | 6 | 4 | 4 | 2 | 7 | 8 | | |
| 26-35години | 7 | 2 | 32 | 2 | 73 | 18 | 22 | 19 | | |
| 36-45година | 10 | 2 | 38 | 12 | 125 | 34 | 36 | 23 | | 1 |
| 46-55години | 23 | 1 | 38 | 11 | 122 | 7 | 24 | 6 | | |
| 56-62година | 42 | | 42 | 6 | 46 | 1 | 6 | 3 | 2 | |
| 62+ | | | 1 | | 1 | | | | | |
| | 83 | 5 | 157 | 35 | 371 | 62 | 95 | 59 | 2 | 1 |
| Вкупно | | 88 | | 192 | | 433 | | 154 | | 3 |

| 10. Дали редовно ви се исплаќа вашата плата? | Да | | Не | | Недговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 18 | 13 | | 1 | | |
| 26-35години | 126 | 38 | 7 | 3 | 1 | |
| 36-45година | 198 | 64 | 10 | 7 | 1 | 1 |
| 46-55години | 199 | 22 | 7 | 3 | 1 | |
| 56-62година | 134 | 10 | 3 | | 1 | |
| 62+ | 2 | | | | | |
| | 677 | 147 | 27 | 14 | 4 | 1 |
| Вкупно | | 824 | | 41 | | 5 |

| 11. Дали успевате со плата која ја заработувате да го поминете тековниот месец? | Да | | Не | | Недговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 3 | 6 | 15 | 8 | | |
| 26-35години | 10 | 5 | 124 | 36 | | |
| 36-45година | 9 | 5 | 199 | 67 | 1 | |
| 46-55години | 12 | 1 | 193 | 24 | 2 | |
| 56-62година | 5 | 2 | 132 | 7 | 1 | 1 |
| 62+ | | | 2 | | | |
| | 39 | 19 | 665 | 142 | 4 | 1 |
| Вкупно | | 58 | | 807 | | 5 |

Гласен Текстилец - Штип
Ул Сутјеска 59
glasentekstilec@gmail.com
www.glasentekstilec.wordpress.com

| 12. Дали од страна на работодавачот од вас некогаш било побарано да подигнете кредит? | Да | | Не | | Недговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 1 | 1 | 17 | 13 | | |
| 26-35години | 10 | 2 | 124 | 39 | | |
| 36-45година | 28 | 8 | 181 | 64 | | |
| 46-55години | 52 | 4 | 154 | 21 | 1 | |
| 56-62година | 26 | 1 | 110 | 8 | 2 | 1 |
| 62+ | | | 2 | | | |
| | 117 | 16 | 588 | 145 | 3 | 1 |
| Вкупно | | 133 | | 733 | | 4 |

| 13 Дали имате подигнато кредит? | Да | | Не | | Недговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 6 | 11 | 12 | 3 | | |
| 26-35години | 86 | 28 | 48 | 13 | | |
| 36-45година | 115 | 55 | 93 | 17 | 1 | |
| 46-55години | 93 | 17 | 113 | 8 | 1 | |
| 56-62година | 50 | 3 | 85 | 7 | 3 | |
| 62+ | | | 2 | | | |
| | 350 | 114 | 353 | 48 | 5 | 0 |
| Вкупно | | 464 | | 401 | | 5 |

| 14. Доколку веќе имате зедено бакарски кредит колку сте во можност редовно да ги исплаќате вашите месечни рати? | Редовно ги плаќам | | Едвај успевам | | Веќе доцнам, ми течат камати. | | Недговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 4 | 6 | 2 | 4 | | | | |
| 26-35години | 38 | 12 | 47 | 14 | 6 | 2 | | |
| 36-45година | 47 | 16 | 49 | 32 | 16 | 7 | | |
| 46-55години | 29 | 6 | 66 | 8 | 22 | 3 | | |
| 56-62година | 6 | 2 | 34 | 1 | 9 | | | |
| 62+ | | | | | | | | |
| | 124 | 42 | 198 | 59 | 53 | 12 | | |
| Вкупно | | 166 | | 257 | | 65 | | |

| 15. Дали приимањата кои ги имате допринеле до неможност за исплаќање на паричните обврски, рати за одредени добра кои сте ги купиле | Апсолутно да | | Не се соочувам со такви проблеми. | | Недговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 9 | 6 | 9 | 8 | | |
| 26-35години | 88 | 23 | 42 | 17 | 4 | 1 |
| 36-45година | 135 | 46 | 69 | 24 | 5 | 2 |
| 46-55години | 144 | 20 | 59 | 4 | 4 | 1 |
| 56-62година | 124 | 9 | 14 | 1 | | |
| 62+ | 1 | | 1 | | | |
| | 501 | 104 | 194 | 54 | 13 | 4 |
| Вкупно | | 605 | | 248 | | 17 |

| 16. Дали имате обврски кон извршеители? | Да | | Не | | Недговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | | 2 | 18 | 12 | | |
| 26-35години | 18 | 4 | 116 | 37 | | |
| 36-45година | 63 | 17 | 143 | 54 | 3 | 1 |
| 46-55години | 94 | 8 | 113 | 17 | | |
| 56-62година | 94 | 5 | 44 | 5 | | |
| 62+ | | | 2 | | | |
| | 269 | 36 | 436 | 125 | 3 | 1 |
| Вкупно | | 305 | | 561 | | 4 |

| 17. Дали некогаш на вашето работно место сте се соочиле со дискриминација? | Да | | Не | | Недговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 8 | 4 | 10 | 9 | | 1 |
| 26-35години | 34 | 16 | 100 | 25 | | |
| 36-45година | 56 | 30 | 153 | 41 | | 1 |
| 46-55години | 48 | 9 | 158 | 16 | 1 | |
| 56-62година | 16 | | 122 | 10 | | |
| 62+ | | | 2 | | | |
| | 162 | 59 | 545 | 101 | 1 | 2 |
| Вкупно | | 221 | | 646 | | 3 |

| 19. Дали чувствуате неоправдан притисок на работа од страна на вашите претпоставени? | Да | | Не | | Понекогаш | | Недговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 9 | 8 | 9 | 6 | | | | |
| 26-35години | 71 | 26 | 63 | 15 | | | | |
| 36-45година | 132 | 43 | 75 | 28 | 1 | | 1 | 1 |
| 46-55години | 157 | 17 | 48 | 8 | | | 2 | |
| 56-62година | 103 | 6 | 34 | 4 | 1 | | | |
| 62+ | 2 | | | | | | | |
| | 474 | 100 | 229 | 61 | 2 | 0 | 3 | 1 |
| Вкупно | | 574 | | 290 | | 2 | | 4 |

| 20. Дали некогаш сте бил жртва на мобинг? | Да | | Не | | Недговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 8 | 5 | 10 | 9 | | |
| 26-35години | 43 | 19 | 90 | 21 | 1 | 1 |
| 36-45година | 82 | 30 | 126 | 42 | 1 | |
| 46-55години | 94 | 10 | 112 | 13 | 1 | 2 |
| 56-62година | 79 | 1 | 59 | 9 | | |
| 62+ | 1 | | 1 | | | |
| | 307 | 65 | 398 | 94 | 3 | 3 |
| Вкупно | | 372 | | 492 | | 6 |

| 21. Дали знаете дека постојат организации кои ги заштитуваат правата на работниците и даваат правна помош при нивно прекршување? | Да | | Не | | Недговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 14 | 8 | 4 | 6 | | |
| 26-35години | 111 | 28 | 22 | 13 | 1 | |
| 36-45година | 175 | 47 | 33 | 25 | 1 | |
| 46-55години | 183 | 20 | 23 | 5 | 1 | |
| 56-62година | 129 | 9 | 9 | 1 | | |
| 62+ | 1 | | 1 | | | |
| | 613 | 112 | 92 | 50 | 3 | 0 |
| Вкупно | | 725 | | 142 | | 3 |

| 22. Дали кога некогаш некое од вашите права би било повредено би се обратиле до трудовиот инспекторат или некоја од организациите за права на работниците? | Да | | Не | | Недговорени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ж | М | Ж | М | Ж | М |
| 18-25години | 14 | 10 | 4 | 4 | | |
| 26-35години | 93 | 21 | 40 | 20 | 1 | |
| 36-45година | 144 | 46 | 65 | 26 | | |
| 46-55години | 146 | 16 | 60 | 8 | 1 | 1 |
| 56-62година | 68 | 7 | 70 | 3 | | |
| 62+ | 1 | | | | 1 | |
| Вкупно | 466 | 100 | 239 | 61 | 3 | 1 |
| | 566 | | 300 | | 4 | |